**2016053133**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75 ставови 1 и 2 од Уставот на Република Македонија, претседателот на Република Македонија и претседателот на Собранието на Република Македонија издаваат

## УКАЗ ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Се прогласува Законот за изменување и дополнување на Законот за туристичката дејност,

што Собранието на Република Македонија го донесе на седницата одржана на 15 март 2016 година.

Бр.08-1674/1
15 март 2016 година
Скопје

Претседател
на Република Македонија,
д-р **Ѓорге Иванов,** с.р.

Претседател
на Собранието на Република
Македонија,
**Трајко Вељаноски,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ТУРИСТИЧКАТА ДЕЈНОСТ

Член 1

Во Законот за туристичката дејност („Службен весник на Република Македонија“ број 62/2004, 89/2008, 12/2009, 17/11, 47/11, 53/11, 123/12, 164/13, 27/14, 116/15 и 192/15), во членот 26 став 3 се менува и гласи:

„Службеното лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, кое ја води постапката, по службена должност ги прибавува доказите од ставот 2 точки 1, 2 и 3 на овој член од надлежниот јавен орган, во рок од три работни дена од поднесувањето на барањето.“.

По ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„Овластеното службено лице од надлежниот јавен орган е должно бараните докази од ставот 3 на овој член да ги достави во рок од три дена од денот на приемот на барањето.“.

Во ставот 4 кој станува став 5 зборовите: „министерот кој раководи“ се бришат.

Во ставот 5 кој станува став 6 зборовите: „министерот кој раководи со органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот“, се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“.

Член 2

Членот 27-а се брише.

Член 3

Во член 66-а по ставот 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„За прекршоците утврдени во членот 71-в од овој закон, прекршочна постапка води и прекршочна санкција изрекува надлежниот суд.“.

Член 4

По членот 71-б се додава нов член 71-в, кој гласи:

„Член 71-в

Глоба во висина од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластено службено лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, ако не ги побара доказите по службена должност од надлежниот јавен орган, во рокот утврден во членовите 26 став 3 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од надлежниот јавен орган, од кој се побарани доказите, ако не ги достави бараните докази во рокот утврден во членот 26 став 4 од овој закон.

Глоба во износ од 25 до 50 евра во денарска противвредност ќе му се изрече за прекршок на овластеното службено лице од органот на државната управа надлежен за работите од областа на туризмот, ако не реши по барањето во рокот утврден во членот 27 став 1 од овој закон.“

Член 5

Започнатите постапки до денот на започнување на примената на овој закон ќе завршат согласно со законот по кој биле започнати.

Член 6

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија'', а ќе започне да се применува со започнувањето на примената на Законот за општата управна постапка согласно со членот 141 од Законот за општата управна постапка („Службен весник на Република Македонија“ број 124/15).